**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1103-91/3**

**Скопје, 25.01.2006 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство – сметка за приходи наплатени од органи, за 2004 година, кои се прикажани на страните 7, 8 и 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство – сметка на приходи наплатени од органи, за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Славко Петров, министер во периодот од 01.11.2002 година до 16.12.2004 година и
   - Садула Дураки, министер од 17.12.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 12.10.2005 до 31.12.2005 година , од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Танка Блажевска, Помошник на главниот државен ревизор;
   - Јадранка Бошкоска, Самостоен ревизор,
   - Љубица Тошевска, Самостоен ревизор;
   - Сашко Геразов, Ревизор;
   - Милан Ракиќ, Ревизор и
   - Марина Величковска, Ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.
8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 18.01.2006 година со писмо број 1104 91/1 примени се забелешки по Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е констатирано следното:

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

   1. Забелешките дадени од страна на одговорните лица од министерството не се прифаќаат. Наодот на ревизорот е во насока на исплата на надоместок на внатрешните членови за работа во комисиите на министерството на кои оваа задача им представува редовна работна обврска. За прекувремените часови надвор од работното време треба да се користат одредбите од Законот за работни односи и Законот за државни службеници.
   Членот 9 од Деловникот, кој го регулира надоместокот на членовите во комисиите формирани во Министерството врз основа на Закон, може да се однесува исклучиво за надворешните членови.

11.1. **Неправилна примена на сметководствените политики и начела:**

11.1.1. Позицијата – Приходи од трансфери и донации во Билансот на приходи и расходи е прецената во вкупен износ од 3.548 илјади денари поради искажани приходи пренесени од сметководствената евиденцијата на Фондот за земјоделство како вишок на приходи без пренос на парични средства на сметката, со што не е запазено начелото на парично искажување на приходите и расходите согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**Препораки и мерки:**

2. Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство да постапи согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и начелото на парично искажување на приходите, при што вишокот на приходи

над расходи на крајот од пресметковниот период да биде еднаков на состојбата на паричните средства, истиот да е искажан во Билансот на приходи и расходи и распореден во Билансот на состојба.

## 11.2. Неправилности во искажување на приходите/расходите

11.2.1. Позицијата – Капитални приходи во Билансот на приходи и расходи е потценета во вкупен износ од 43.000 илјади денари, за кој износ се потценети и расходите, поради неевидентирани приходи остварени по основ на повратна земјоделска подршка, а кои врз основа на заклучок на Владата на РМ се уплатени во Буџетот на РМ за санирање на штетите во подрачјата зафатени со поплавите.

11.2.2. Вкупните приходи на оваа сметка во 2004 година изнесуваат 78.304 илјади денари од кои 45% се спроведени компензации со ЈП Македонски шуми. Иако компензациите како начин на затварање на мегусебните побарувања и обврски се пропишани со Законот за облигациони односи истите го нарушуваат начелото на парично искажување на приходите и расходите.

**Препораки и мерки:**

1. Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство да постапува согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и начелото на парично искажување на приходите.
2. Да се напушти праксата на мегусебното затварање на побарувањата и обврските со компензации за да можат реално и објективно да се буџетираат приходите кои треба да се остварат преку оваа сметка.

## 11.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

11.3.1. Позицијата Краткорочни финансиски побарувања е преценета во износ од 62.000 илјади денари, за кој износ е потценета Позицијата - Залихи, поради неспроведено книжење на стекнато право на сопственост врз заложени подвижни предмети – тутун, ослободувајќи се при тоа од сите заложни побарувања кои министерството ги имало врз основа на Договор за земјоделска подршка дадена на Тутунски комбинат – Прилеп. На 31.12.2004 година не е извршен попис на складираниот тутун, поради што ревизијата не е уверена во реалноста и објективноста на искажаните количини и вредности на залиха.

11.3.2. Залихите на тутун се потценети во износ од 7.668 илјади денари, за кој износ се потценети и Изворите на капитални средства, поради неевидентирана камата за ненавремено вратена земјоделска подршка со што се зголемува вредноста на тутунот утврдена од страна на Комисијата за утврдувањето на квалитетот и количините на заложениот тутун, формирана од министерството.

11.3.3. Позицијата Извори на капитални средства е преценета во вкупен износ од 2.832 илјади денари поради неосновано евидентирање на побарувањата од Винарската визба Повардарие во износ од 10.500 илјади денари на оваа позиција, за кој износ е потценета позицијата Пасивни временски разграничувања и не евидентираната разлика во


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311* -------------------------------------

вредноста на проценетиот тутун во износ од 7.668 илјади денари (Точка 11.3.2.). Овие состојби министерството ги превзело од сметководствената евиденција на Фондот за земјоделство.

11.3.4. Со Законот за престанување на важење на Законот за Фондот за земјоделие (Сл.весник бр. 85/2003) Фондот за земјоделие се укинува и целокупниот имот и права се пренесуваат на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство. По овој основ во сметководствената евиденција на министерството, евидентирани се побарувања како пренесени состојби од Фондот за дадена повратна земјоделска подршка на следните субјкекти:

- Тутунски комбинат Прилеп - 62.000 илјади денари
- Повардарие - Неготино - 10.500 илјади денари
- АД Жито Битола - 36.035 илјади денари
- АД АД Жито Скопје - 16.162 илјади денари
- Жито Продукт - 1.118 илјади денари
- Жито Прилеп - 353 илјади денари

Министерството ги реализирало правата по Договор за залог само со Тутунски комбинат - Прилеп, стекнувајќи право на сопственост на заложениот тутун. ( Точка 11.3.1.)
Побарувањето од Повардарие - Неготино во износ од 10.500 илјади денари е врз основа на Договор за доделување на земјоделска подршка од 2003 година. Паричното побарување се заснова на регистриран залог во подвижни предмети – вино. Рокот на враќање на подршката утврден на 5 месеци од потпишувањето на Договорот е изминат. Министерството се обратило до Јавното правобранителство во Велес на 26.03.2004 година, со барање да поднесе Предлог до Основниот суд во Неготино за попис и проценка на заложените предмети и да ги предаде истите на владение на министерството, согласно Законот за договорен залог. Ревизијата констатира дека Јавното правобранителство не постапило по барањето на министерството. Побарувањата од мелничко преработувачките капацитети се врз основа на дадената земјоделска подршка во вкупен износ од 53.668 илјади денари, за откуп на пченица од индивидуални земјоделски производители. Како гаранција дека средствата ќе се вратат, со Жито – Битола Фондот потпишал договор за залог, со кој се обврзува во своите силоси да обезбеди залог во пченица во соодветниот износ. Рокот за враќање на подршката оддамна е изминат, а договорот за залог не може да се реализира поради фактот што предметот на залог – пченицата не постои во силосите на мелничко преработувачките капацитети во Битола и Скопје, за што се води судска постапка, од страна на надлежното јавно правобранителство. Оваа состојба има за последица отежната наплата на наведените побарувања.

11.3.5. На сметката – приходи наплатени од органи министерството треба да ги евидентира приходите кои ќе ги оствари од Јавното претпријатие Македонски шуми по основ на проширена репродукција на шумите во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво и за потребите на шумската полиција, во висина од 5% од вредноста на продаденото дрво, регулирано со Законот за шуми. Намената на средствата од проширена репродукција исто така е регулирана со законот: пошумување на голини, ерозивни места, мелиорација на деградирани шуми и.т.н. Ревизијата констатира дека министерството не води евиденција на овие побарувања кои во ЈП Македонски шуми се евидентирани како обврски према

министерството во вкупен износ од 382.327 илјади денари, заклучно со 31.12.2004 година.

Ревизијата има обврска да укаже дека Владата на РМ на седницата одржана на 14.07.2005 година донела Одлука да се отпишат заостанатите обврски на ЈП Македонски шуми и тоа за шумска полиција износ од 275.887 илјади денари и за проширена репродукција на шумите, износ од 106.440 илјади денари. Оваа Одлука ќе има негативно влијание на севкупниот развој во стопанисувањето со најзначајниот природен ресурс – шумите, кое со сегашниот начин на управување и организација од страна на Македонски шуми, е сериозно загрозено, што е констатирано и со Годишниот извештај на Државниот инспекторат за шумарство и ловство во 2004 година.

**Препораки и мерки:**

1. Министерството да формира Комисија која ќе изврши попис на тутунот складиран во Тутунски комбинат – Прилеп и да превземе мерки за продажба, согласно Одлуката на Владата, за наплата на средствата по основ на дадена повратна земјоделска подршка.
2. Министерството да превземе мерки за расчистување на состојбите пренесени од Фондот за земјоделство и нивно реално евидентирање согласно превземената документација.
3. Министерството заедно со Јавното правобранителство да превземат мерки за наплата на средствата дадени како повратна земјоделска помош на мелничко - преработувачките капацитети и Повардарие од Неготино во износ од 64.168 илјади денари.
4. Со оглед на значајноста на материјата која ја регулира Законот за шуми, министерството да превземе мерки за целосно почитување на одредбите од овој Закон кои се во негова надлежност.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средства**

11.4.1. Во Министерството постои пракса да се исплаќаат надоместоци на членови на комисии, формирани по основ на закон, кои се во редовен работен однос во министерството. Висината на надоместоците се разликува во зависност од видот на комисиите и се движи од 2,500 денари за членовите на комисијата за јавни набавки до 17,000 денари за членовите на комисијата за спроведување на испит за добивање лиценца за проценител за тутун. Исто така присутна е појава поедини лица вработени во министерството да се членови во повеќе комисии при што добиваат надоместок за членувањето во секоја комисија поединечно. Средствата исплатени на внатрешните членови на комисиите, се ненаменски потрошени за активности кои претставуваат редовни работни задачи на вработените.

**Препораки и мерки:**

1. Надлежните државни институции да изготват Правилник во кој децидно ќе се утврди основот за исплата на надоместоци на членовите во комисиите со оглед на фактот дека овој проблем е присутен кај поголем број владини институции. До донесување на Правилник министерството треба да се воздржи од исплата на надоместоци на лицата вработени во Министерството.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1.,11.2. и 11.3. кои главно произлегуваат од пренесени состојби од укинатиот Фонд за земјоделие, финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство – сметка за приходи наплатени од органи под 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11 кај Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство – сметка за приходи наплатени од органи остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Согласно Законот за државна ревизија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не го известил Државниот завод за ревизија за превземените мерки во врска со наодите содржани во Конечен извештај на овластениот државен ревизор за 2003 година. Со ревизија на финансиските извештаи за 2004 година, ревизијата констатира дека не се превземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките и мерките дадени во ревизорскиот извештај.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 28.02.2006 година**

**Танка Блажевска**

___________________

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 28,929 | 56,977 |
| Капитални приходи | 3.1.2. | 49,211 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.1.3. | 164 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **78,304** | **56,977** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 58 | 55 |
| Стоки и други услуги | 3.2.2. | 74,225 | 18,818 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **74,283** | **18,873** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.3.1. | 2,028 | 37,902 |
| Капитални трансфери | 3.3.2. | 0 | 38 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **2,028** | **37,940** |
| **Вкупно расходи** | | **76,311** | **56,813** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **1,993** | **164** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

## БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 2,189 | 232 |
| Побарувања | 4.1.2. | 56,003 | 2,382 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.3. | 20,733 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 2,466 | 4,182 |
| Залихи | 4.1.5. | 69,668 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **151,059** | **6,796** |
| **Вкупна актива** | | **151,059** | **6,796** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 2,187 | 3,795 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.2.2. | 332 | 191 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.2.3. | 5,500 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.4. | 73,372 | 2,810 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **81,391** | **6,796** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.3.1. | 69,668 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **69,668** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **151,059** | **6,796** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **-** | **0** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **69,668** |
| Корекција по ревизија 2004 за заихи на тутун | - | 69,668 |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** |
| Расходување | - | |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **-** | **69,668** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

-------------------------------------